Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 38, 15 април 2010 година

април 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информациони системи на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информациони системи на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информатички технологии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информатички технологии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање предавач (специјалист) за наставната област оториноларингологија на студиската програма на Високата здраствена школа при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област урологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 26

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Училишна педагогија и училишна организација (избрани поглавија)“ од доц. д-р Соња Петровска, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 28

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА НА ВИСОКАТА ЗДРАВСТВЕНА ШКОЛА ПРИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, донесе Одлука бр. 2502-112/6 од 19.11.2009 год. за распишување на Конкурс за наставник во наставно звање предавач (специјалист) на Факултетот за медицински науки за наставната област ***оториноларингологија*** на студиската програма на Високата здравствена школа. На 16.12.2009 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-118/32 и Решение број 2502-118/83 (претседател), 2502-118/84 (член), 2502-118/85 (член) за формирање на Рецензентска комисија за избор во наставно звање предавач (специјалист) за наставна област – *оториноларингологија* на студиската програма на Високата здравствена школа на Факултетот по медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во следниов состав:

1. д-р Владимир Ќаев, редовен професор по предметот Оториноларингологија, вработен на Универзитетска клиника по дерматовенерологија, претседател;
2. д-р Бранко Василевски, редовен професор во пензија, член;
3. д-р Цена Димова, доцент, вработена на Факултетот за медицински науки при УГД – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 25.11. 2009 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот Конкурс, од 25.11.2009 година, за избор на предавач (специјалист) за наставната област оториноларингологија при Факултетот за медицински науки се пријави д-р Никица Атанасова.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Никица Атанасова** е родена на 6 август 1969 год. во Струмица, каде завршува основно и средно образование. Школувањето го продолжува на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (1987-1993), кој го завршува во редовен рок. Од 1 февруари 1996 година е вработена во ЈЗУ Медицински центар во Штип, најпрво во РЕ Итна медицинска помош со домашно лекување, а потоа во РЕ Училишна медицина и вакцинација. Од 1 октомври 1999 год. е упатена на специјализација по оториноларингологија на Клиника за ОРЛ при Медицински факултет во Скопје. Специјализацијата ја завршува на 9 октомври 2002 год., по што продолжува на работно место специјалист по ОРЛ на РЕ ОРЛ болести при ЈЗУ Општа болница во Штип. Од октомври 2000 год. започнува со постдипломски студии од областа оториноларингологија при Медицински факултет во Скопје, од кои ги завршува четирите семестари и ги положува предвидените испити. Од ноември 2004 год. е назначена за раководител на ОРЛ одделение и сала.

***Научни трудови***

1. Dermatomyositis with calcinosis А. Николов, А. Пушевски, Р. Николов, Н. Атанасова 1[st] Central European Congress of Rheumatology, PIEŠŤANY, SLOVAK REPUBLIC – 1996 god.
2. Застапеност на калкулозниот холециститис во амбулантски услови во интернистичката амбуланта – Медицински центар во Штип, двегодишен период (1994-1995) А. Николов, А. Панев, С. Димитров, Н. Атанасова Р. Николов, С. Дончевска Конгрес на гастроентеролозите и хепатолозите, Охрид – 1996 г.
3. Застапеност на ургентните кардиолошки случаи во вкупните ургентни случаи во Одделот на интензивна нега при Интерно одделение – Медицински центар во Штип, во периодот од 20 месеци (1.9.1994 г. до 1.5.1996 г.) А. Николов, Н. Атанасова 1. македонски конгрес по кардиологија со меѓународно учество, Охрид – 1996 год.
4. Дијагностички потешкотии при белодробната тромболија – приказ на случај А. Николов, А. Панев, С. Димитров, Р. Николов, С. Дончовска, Н. Атанасова. II конгрес на Македонското респираторно здружение, Охрид – 1997 год.
5. Upper gastrointestinal bleeding at five years period (1995-1999) in endoscopic cabinet at medical center Štip А. Николов, С. Дончевска, С. Димитров, Н. Атанасова, А. Панев, Р. Николов, Л. Топликлиева.
   VI конгрес на гастроентеролози и хепатолози, Охрид – 2000 г.
6. Hypertensive crisis in feohromocytoma – a case report А. Николов, Н. Атанасова, К. Чакаларoски
   Прв македонски конгрес по ендокринологија и метаболни нарушувања, Охрид – 2000 год.
7. Катетер аблација кај АВ-нодална реентри тахикардија А. Николов, А. Панев, С. Димитров, С. Дончовска, Л. Топликлиева, Н. Атанасова, И. Рунтев.
   II македонски конгрес по кардиологија, Охрид, 2002 год.
8. Епидемиологија на кардиоваскуларните болести на Интерно одделение во период од 2 год. (1999-2000) А. Николов, А. Панев, С. Димитров, С. Дончовска, Л. Топликлиева, Н. Атанасова
   II македонски конгрес по кардиологија, Охрид, 2002 год.
9. Колоректален карцином на ендоскопски материјал, во период од август 2007 до март 2008 год. во ПЗУ „Прим. д-р Ацо Николов“ - специјалистичка ординација по интерна медицина. А. Николов, Н. Атанасова, С. Рогач, А. Стојанова VIII македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид, 2008 год.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатката д-р Никица Атанасова ги исполнуваат сите законски критериуми за избор во предавач на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатката д-р Никица Атанасова да се избере во наставно звање предавач (специјалист) за наставната област *оториноларингологија* на студиската програма на Високата здравствена школа на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Ќаев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Бранко Василевски, член, с.р.**
**Доц. д-р Цена Димова, доцент, член, с.р.**

**ПРИЛОГ 1**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Никица Атанасова**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Научноистражувачка** | | | |
| 7. Учество на научен собир со реферат – усно предавање во Македонија | **4** | **1,5** | **6** |
| 8. Учество на научен собир со реферат – усно предавање во странство | **2** | **2** | **4** |
| 9. Учество на научен собир со реферат – постер во Македонија | **8** | **1** | **9** |
| 10. Учество на научен собир со реферат – постер во странство | **2** | **1,5** | **3** |
| 11. Одбранета докторска теза | | | |
| 12. Одбранета магистерска теза | | | |
| 13. Учесник во научен проект (максимум три проекти) | **1** | **3** | **3** |
| **Вкупно** | | | **25** |